Macedonian

National Carer Strategy

# Национална стратегија за негуватели

## Поддршка за неплатени негуватели

Лесно читлива верзија

Easy Read

# Како да го користите овој информативен лист




Ние сме Оддел за социјални услуги на австралиската влада (Australian Government Department of Social Services - DSS).

Ние го напишавме овој информативен лист.



Некои зборови ги напишавме со **здебелени букви**.

Објаснуваме што значат овие зборови.

Исто така, има список на овие зборови на страница **10**.



Можете да побарате помош од некој во кого имате доверба:

- да го прочитате овој информативен лист
- да најдете повеќе информации.

Ова е информативен лист лесен за читање.

Во него се вклучени само најважните идеи.

# Што има во овој информативен лист?


Кој е неплатен негувател? 4

Што е Национална стратегија за негуватели? 6

Каква поддршка можат да добиваат неплатените негуватели? 8

Список на зборови 10

Контактирајте нè 11

# Кој е неплатен негувател?



**Неплатен негувател** е лице кое помага на друго лице без да биде платено.

Неплатените негуватели обично му помагаат на член на семејството или на пријател:



- со попреченост



- со здравствен проблем



- со ментална болест



- како што старее.




Приближно **33%** од неплатените негуватели помагаат на некого повеќе од 40 часа неделно.



Речиси **40%** од неплатените негуватели имаа попреченост.

# Што е Национална стратегија за негуватели?



Целта на Националната стратегија за негуватели (National Carer Strategy) е да им нуди поддршка на неплатените негуватели кои се грижат за други лица.

Во овој информативен лист, тоа го нарекуваме стратегија.



Стратегијата ги учи луѓето што е неплатен негувател.



Тоа ќе му помогне на некого да разбере дали е неплатен негувател.

Стратегијата исто така ќе им помогне на неплатените негуватели:



- да добиваат поддршка и услуги кога имаат потреба



- да најдат повеќе работа, образование и обука



- да одвојуваат време за себе.



Повеќе за стратегијата можете да дознаете на нашата веб-страница.

**www.health.gov.au**

# Каква поддршка можат да добиваат неплатените негуватели?

Неплатените негуватели можат да добиваат бесплатна поддршка, вклучувајќи:



- групи за поддршка со други неплатени негуватели



- **советување.**

  Советувањето е разговор со професионално лице за тоа како размислувате и како се чувствувате.



Тоа исто така вклучува пакети за поддршка што одговараат на потребите на секое лице.

На пример, услуги за чистење на домот.

Неплатените негуватели можат да добијат
и бесплатни:



- онлајн курсеви за стекнување на вештини



- совети и поддршка што ќе им помогнат да ги остварат своите цели



- помош околу **одмена од негата (respite)**.

  Службите за одмена од негата се грижат за лицата со попреченост, така што негувателите можат да се одморат.



Можете да дознаете повеќе на веб-страницата на Carer Gateway.

**[www.carergateway.gov.au](http://www.carergateway.gov.au)**

# Список на зборови

Во овој список се објаснува што значат зборовите со **здебелени букви** во овој информативен лист.



### Советување

Советувањето е разговор со професионално лице за тоа како размислувате и како се чувствувате.



### Одмена од негата

Службите за одмена од негата се грижат за лицата со попреченост, така што негувателите можат да се одморат.



### Неплатен негувател

Неплатен негувател е лице кое помага на друго лице без да биде платено.

# Контактирајте нѐ



Може да ни испратите имејл.

NationalCarerStrategy@health.gov.au



Можете да ја посетите нашата веб-страница.

www.health.gov.au

Information Access Group го подготви овој документ лесен за читање користејќи лиценцирани фотографии и слики приспособени на нашите потреби. Сликите не смеат да се користат без дозвола. За какви било прашања во врска со сликите, посетете ја веб-страницата www.informationaccessgroup.com. Наведете го бројот на нарачка 6130.